ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ, ЕДУКАЦИЈА И ЕКОЛОШКА ЕТИКА – ПОЛИМАТ 13
ASSOCIATION FOR DEVELOPMENT, EDUCATION AND ECOLOGICAL ETHICS –POLYMATH 13
ул. „Маршал Тито“ бр.64, 1484 Богданци

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2020 ГОДИНА

2020 година беше година на предизвици во целиот свет. Ситуацијата со пандемијата со Ковид 19 имаше големо влијание на работата на ПОЛИМАТ 13 бидејќи сите активности и проекти кои ги спроведувавме мораа да се реализираат онлајн и со работа од дома. Изостанаа нашите редовни активности кои ги реализираме со учениците од нашата општина и нивните наставници, како и посетители од најразлични организации и институции, а кои се одвиваат во природа и имаат многубројна посетеност.
Успеавме да се реорганизираме и многу успешно ги спроведовме планираните активности и проекти, но сепак целата ситуација беше невообичаена и со ограничени можности во текот на целата година.

## Реализирани проекти во 2020 година

### Еко разиграна сликовница

Цел на проектот е едукација на децата и младите од општина Богданци за примена на навики и убаво однесување кон животната средина. Здружението ПОЛИМАТ 13 во рамки на проектот „Еко разиграна сликовница“ изработи сликовница за деца до 8 годишна возраст. Активностите во проектот кои заради ситуацијата со вирусот Ковид-19 беа прилагодени на ситуацијата, се спроведоа на територија на општина Богданци. Секое дете кое посетува градинка или е ученик до трето одделение во некое од основните училишта на територијата на општина Богданци ја доби на подарок сликовницата „Пчеларска тетратка“.
Исто така, здружението изработи и видео запис од сликовницата кој има толкување на знаковен јазик и на тој начин ќе допре и до дечињата со оштетен слух, и на кои здружението преку Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух од Битола им подари сликовници и УСБ мемории со видеото од сликовницата.
Доколку на најмладите од најрана возраст им се вкоренат вредности кои придонесуваат кон развивање на љубов кон природата, животните и растенијата, тие ќе се развијат во личности кои се однесуваат со почит кон природата, ја користат како

извор на ресурси за живот, но со иста мерка возвраќаат, ја негуваат и чуваат нашата животна средина.
Проектот е финансиски поддржан од Мрежата за рурален развој на СМ, Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (СИДА) и фондацијата We effect.

**Архус Столче**

Проектот „Архус столче“ е регрантиран во рамките на националниот проект „Градење на капацитетите на граѓанските организации за животна средина за зголемување на демократските процеси во Македонија“ кој го спроведуваат ЗОР Милиеуконтакт Македонија и ЗИЖС Развојна програма, финансиран од Европската Унија.
Целта на проекот е подобрување на управувањето со животната средина преку зголемени знаења и учество на засегнатите страни во носењето на одлуки во општина Богданци. Преку низа на активностиво овој проект ПОЛИМАТ 13 се залагаше за поголемо вклучување на граѓанскиот сектор во процесите на донесување на одлуки од областа на животната средина. Во рамки на проектот беше изработена брошурата „Водич за Архуска Конвенција за локални самоуправи“ кој содржи генерален приказ на Архуската Конвенција, со посебен фокус на обврските на локалните самоуправи кои произлегуваат од неа.

**Подобрување на биодиверитетот на Дојранското Езеро преку соработка со сите општествени чинители и спроведување на екосистемски практики**

ПОЛИМАТ 13 заедно со општина Дојран е локален партнер на Милиеуконтакт Македонија, здружението кое го спроведува овој проект и чија цел е да воспостави одржливо управување со Споменикот на природа Дојранско Езеро. Проектот опфаќа директни активности за зачувување и заштита на загрозените видови. Исто така, овој проект ги опфаќа прашањата за квалитетот на езерската вода и нарушувањето на видовите и нивните живеалишта.
Проектот е финансиски поддржан од Фондот за критични екосистеми CEPF (Critical Ecosystem Partnership Fund).

**Зачувување на ендемичните растенија во Република Македонија**

На почетокот на годината организиравме настан за информирање на заинтересираните страни за тековните активности во рамки на проектот. Преку конструктивна дискусија со учесниците кои беа од редот на наставници, ученици, општинската администрација и заинтересирани граѓани се разговараше за можностите за поголема промоција на локално и национално ниво. Со почетокот на пандемијата се најдовме пред предизвик. Проектот чија намена е осознавање на природата,

поминување време во природа, едукација и информирање на младите и сите заинтересирани за растителниот диверзитет на ЗРП „Богданци“ мораше да се одвива онлајн. Сепак, мониторингот и теренската работа беа редовно спроведувани од проектниот тим, посетата на експертите и планирање на активностите во новите околности се одвиваа непречено. До крајот на годината организиравме и спроведовме онлајн работилница за учениците и нивните наставници од вишите одделенија од двете основни училишта и ученици и професори од средното училиште од општината. Исто така, организиравме и спроведовме конкурс за литературни и уметнички творби за училиштата од општината на тема „го сакам Богданци и неговата природа“. Доделивме награди во сите категории од најмалите од прво до петто одделение, потоа шесто до деветто одделение од основните училишта и за прва до четврта година од средното училиште за литературните и ликовните творби. Најдобрите ликовни творби беа одбрани за изработка на календар за наредната 2021 година. Проектот е финансиски поддржан од Фондот за критични екосистеми CEPF (Critical Ecosystem Partnership Fund).